RÉPUBLIQUE FRANÇAISE
Liberté
Égalité
Fraternité

INSTITUT FRANÇAIS Liberté Créativité Diversité

НАУКА за деца

# Конкурс за дигитален плакат на тема „Француска наука“ 2024
## *Правилник*

## 1. За конкурсот

Конкурсот за дигитален плакат „Parlez-vous fran-sci ?“ 2024, во рамките на конференцијата „Наука за деца", е организирана од страна на „Наука за деца“ при Фондацијата „Кантарот" и Францускиот институт во Скопје.

Конкурсот се организира во рамките на третото издание на конференцијата „Наука за деца“, која ќе се одржи на 18 и 19 октомври 2024 година, во гимназијата „Нова“ , на која ќе се одржат неколку работилници на различни теми, вклучувајќи и две работилници на тема виртуелна реалност и запознавање со француската култура и наука.

Конкурсот е наменет за ученици од основните училишта во Северна Македонија.

Конкурсот има за цел да ја промовира француската наука и да ја поддржи креативноста на младите во областа на дигиталната уметност.

Учеството на натпреварот е бесплатно.

## 2. Правила за учество

Конкурсот има за цел да ги истакне вештините во областа на дигиталната уметност како и креативноста на младите учесници во создавањето плакат во дигитален формат на зададена тема.

Учесниците треба да направат постер на тема француска наука, што може да ја опфаќа француската научна мисла, француски научник, научен концепт или експеримент, научна книга или дури и научна фантастика.

Учесниците треба да креираат оригинален дигитален плакат, во А3 формат, со помош на дигитални алатки како Canva, Photoshop или Illustrator или други.

Друга опција е да се користи AI при создавањето слики (Dall-E, Midjourney), кои потоа може да се збогатат со разни техники како „glitch art“ или мануелни модификации.

Плакатот треба да биде испратен во pdf или png формат, на следнава адреса: nzd.ifs@gmail.com, најдоцна до 6 октомври 2024 година.

Во мејлот, учесниците треба да наведат:

- име и презиме,
- возраст
- име на училиште и
- град

Право на учество имаат сите основци запишани од 5-то до 9-то одделение.

15-те најдобри плакати ќе бидат изложени во излогот на Францускиот институт во Скопје, во периодот од 21 октомври до 6 ноември 2024 година.

Авторите на 6-те најдобри плакати ќе добијат вредни награди од Францускиот институт во Скопје.

За сите прашања поврзани со натпреварот и настанот, учесниците можат да се обратат на адресата: nzd.ifs@gmail.com

## 3. Организација, рок и место

Крајниот рок за пријавување е 6 октомври 2024 година.

Селекцијата ќе се направи на 8 октомври 2024 година, во Францускиот институт во Скопје.

Жирито на натпреварот, составено од членови на Фондацијата и на Францускиот институт, ќе избере вкупно 15 финалисти, чии дела ќе бидат изложени во излогот на Францускиот институт во Скопје.

Печатењето на плакатите е на товар на Францускиот институт во Скопје.

На 19 октомври 2024, најдобрите 6 учесници ќе бидат наградени за време на конференцијата „Наука за деца“, која ќе се одржи во просториите на средното училиште „Нова“.

Жирито ќе ја бодува уникатноста и естетиката на изработката на плакатите.

Одлуката на жирито не може да биде оспорена од страна на учесниците под никакви околности.

## 4. Лични податоци и права на изложување

Со учеството, учесникот ги овластува организаторите бесплатно да го користат неговото име и презиме, како и неговиот/нејзиниот плакат за време на настанот „Наука за деца", како и во излогот на Францускиот институт во Скопје, од 21 октомври до 6 ноември 2024 година, на нашата веб-страна, во известувања во медиумите, рекламни материјалои или комерцијални брошури.